Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за измена и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-762/3 од 13.05.2009 година.

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-762/3 од 13.05.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на втората седницата одржана на ден 13.05.2009година.

Архив. Број 08-820/1
Од 18.05. 2009 год.

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
Жика Стојановски с.р.

Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за избор на членови на комисијата за статут и прописи со Арх. Број 07-762/4 од 13.05.2009 година.

Се прогласува Одлука за избор на членови на комисијата за статут и прописи со Арх. Број 07-762/4 од 13.05.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на втората седницата одржана на ден 13.05.2009година.

Архив. Број 08-820/2
Од 18.05. 2009 год.

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
Жика Стојановски с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 30 од Статутот на општина Илинден бр.07-37/2 (Сл.гласник на општина Илинден бр.02/05), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 13.05.2009 година донесе

О Д Л У К А
за избор на членови на Комисијата за Статут и прописи

Член 1

Комисијата за Статут и прописи се формира за вршење на следниве работи: го утврдува предлогот на Статутот на општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измена на Статутот, ја следи примената на Статутот, ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер, го утврдува предлогот на деловникот на Советот, подготвува предлог мислења по предлог законите кои се однесуваат на општината, разгледува и други општи акти од надлежност на Советот на општината.

Член 2

Комисијата за Статут и прописи се состои од Претседател и 4 (четири) членови.

Член 3

За претседател на Комисијата за Статут и прописи се избира Сашо Цветковски.

Член 4

За членови на Комисијата за Статут и прописи се избираат лицата :

- Виолета Ваневска
- Валентина Додевска
- Сашо Секуловски и
- Љупчо Бошковски

Член 5

Мандатот на членовите на Комисијата трае колку и мандатот на членовите на Советот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

Арх.бр. 07-762/4
Од 13.05.2009 год.

Совет на општина Илинден
Претседател
Марјан Милошевски с.р.

Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за избор на членови на комисијата за општествени дејности со Арх. Број 07-762/5 од 13.05.2009 година.

Се прогласува Одлука за избор на членови на комисијата за општествени дејности со Арх. Број 07-762/5 од 13.05.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на втората седницата одржана на ден 13.05.2009година.

Архив. Број 08-820/3 **ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
Од 18.05. 2009 год. **Градоначалник**
Жика Стојановски с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 29 од Статутот на општина Илинден бр.07-37/2 (Сл.гласник на општина Илинден бр.02/05), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 13.05.2009 година донесе

О Д Л У К А
за избор на членови на Комисијата за општествени дејности

Член 1

Комисијата за општествени дејности се формира за вршење на следниве работи: ги разгледува прашањата од надлежност на Општината а кои се однесуваат на културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот како и противпожараната заштита.

Член 2

Комисијата за општествени дејности се состои од Претседател и 4 (четири) членови.

Член 3

За претседател на Комисијата за општествени дејности се избира Љупчо Кметовски

Член 4

За членови на Комисијата за општествени дејности се избираат лицата :

- Марија Станковска
- Марјан Цветковски
- Марјан Милошевски
- Јовче Ангеловски

Член 5

Мандатот на членовите на Комисијата трае колку и мандатот на членовите на Советот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

Арх.бр. 07-762/5 **Совет на општина Илинден**
Од 13.05.2009 год. **Претседател**
Марјан Милошевски с.р.

Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за финансирање, буџет и локален економски развој со Арх. Број 07-762/6 од 13.05.2009 година.

Се прогласува Одлука за финансирање, буџет и локален економски развој со Арх. Број 07-762/6 од 13.05.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на втората седницата одржана на ден 13.05.2009година.

Архив. Број 08-820/4
Од 18.05. 2009 год.

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
Жика Стојановски с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 27 од Статутот на општина Илинден бр.07-37/2 (Сл.гласник на општина Илинден бр.02/05), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 13.05.2009 година донесе

О Д Л У К А
за избор на членови на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој

Член 1

Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој се формира за вршење на следниве работи: ги разгледува прашањата во врска со финансирањето на општината, Буџетот и годишната сметка како и прашањата од планирањето и програмирањето на локалниот економски развој.

Член 2

Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој се состои од Претседател и 4 (четири) члена.

Член 3

За претседател на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој се избира Ацо Андевски.

Член 4

За членови на Комисијата за финансирање, Буџет и локален економски развој се избираат лицата :

- Миле Велиновски
- Надица Ѓуровска
- Сашо Цветковски и
- Марјан Милошевски

Член 5

Мандатот на членовите на Комисијата трае колку и мандатот на членовите на Советот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

Арх.бр. 07-762/6
Од 13.05.2009 год.

Совет на општина Илинден
Претседател
Марјан Милошевски с.р.

Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата со Арх. Број 07-762/7 од 13.05.2009 година.

Се прогласува Одлука за Урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата со Арх. Број 07-762/7 од 13.05.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на втората седницата одржана на ден 13.05.2009година.

Архив. Број 08-820/5
Од 18.05. 2009 год.

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
Жика Стојановски с.р.

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 28 од Статутот на општина Илинден бр.07-37/2 (Сл.гласник на општина Илинден бр.02/05), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 13.05.2009 година донесе

О Д Л У К А

за избор на членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата

Член 1

Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата се формира за вршење на следниве работи: ги разгледува прашањата од урбанистичкото планирање, прашањата од работата на јавните служби, прашањата од комуналното уредување на населените места и прашањата од заштитата на животната средина и природата.

Член 2

Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата се состои од Претседател и 4 (четири) членови .

Член 3

За претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата се избира Миле Велиновски.

Член 4

За членови на Комисијата за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата се избираат лицата :

- Момчило Најдовски
- Надица Ѓуровска
- Марјан Паневски и
- Ацо Андевски

Член 5

Мандатот на членовите на Комисијата трае колку и мандатот на членовите на Советот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

Арх.бр. 07-762/7
Од 13.05.2009 год.

Совет на општина Илинден
Претседател
Марјан Милошевски с.р.

Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за избор на членови на училишен одбор на О.У. „Гоце Делчев“ н. Илинден со Арх. Број 07-762/8 од 13.05.2009 година.

Се прогласува Одлуката за избор на членови на училишен одбор на О.У. „Гоце Делчев“ н. Илинден со Арх. Број 07-762/8 од 13.05.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на втората седницата одржана на ден 13.05.2009година.

Архив. Број 08-820/6
Од 18.05. 2009 год.

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
Жика Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 124 став 2 и став 3 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/08), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 13.05.2009 година донесе

О Д Л У К А
за именување на членови на училишен одбор
на ОУ „ Гоце Делчев“ н.Илинден

Член 1

Советот на општина Илинден именува 2 (двајца) претставници од основачот на ОУ „ Гоце Делчев “ н.Илинден за членови на училишниот одбор како орган на управување на основното училиште.

Член 2

За членови на училишниот одбор - претставници на основачот на ОУ „ Гоце Делчев“ н.Илинден , Советот на општина Илинден ги именува следниве лица :

- Надица Ѓуровска и
- Миле Велиновски

Член 3

Мандатот на членовите на училишниот одбор е 3 (три) години.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

Арх.бр.07-762/8
Од13.05.2009 год.

Совет на општина Илинден
Претседател
Марјан Милошевски с.р.

Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за избор на членови на училишен одбор на О.У. „Ристо Крле“ н.м. Кадино со Арх. Број 07-762/9 од 13.05.2009 година.

Се прогласува Одлука за избор на членови на училишен одбор на О.У. „Ристо Крле“ н.м. Кадино со Арх. Број 07-762/9 од 13.05.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на втората седницата одржана на ден 13.05.2009година.

Архив. Број 08-820/7
Од 18.05. 2009 год.

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
Жика Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 124 став 2 и став 3 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/08), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 13.05.2009 година донесе

О Д Л У К А
За именување на членови на училишен одбор
на ОУ „ Ристо Крле “ н.м Кадино

Член 1

Советот на општина Илинден именува 2 (двајца) претставници од основачот на ОУ „ Ристо Крле“ н.м Кадино за членови на училишниот одбор како орган на управување на основното училиште.

Член 2

За членови на училишниот одбор - претставници на основачот на ОУ „Ристо Крле“ н.м Кадино, Советот на општина Илинден ги именува следниве лица :

- Ацо Андевски и
- Виолета Ваневска

Член 3

Мандатот на членовите на училишниот одбор е 3 (три) години.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

Арх.бр. 07-762/9
Од 13.05. 2009 год.

Совет на општина Илинден
Претседател
Марјан Милошевски с.р.

Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за избор на членови на училишен одбор на О.У. „Браќа Миладиновци“ н.м. Миладиновци со Арх. Број 07-762/10 од 13.05.2009 година.

Се прогласува Одлуката за избор на членови на училишен одбор на О.У. „Браќа Миладиновци“ н.м. Миладиновци со Арх. Број 07-762/10 од 13.05.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на втората седницата одржана на ден 13.05.2009година.

Архив. Број 08-820/8
Од 18.05. 2009 год.

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
Жика Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 124 став 2 и став 3 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/08), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 13.05.2009 година донесе

О Д Л У К А
За именување на членови на училишен одбор на
ОУ „ Браќа Миладиновци“ н.м Миладиновци

Член 1

Советот на општина Илинден именува 2 (двајца) претставници од основачот на ОУ „ Браќа Миладиновци“ н.м Миладиновци за членови на училишниот одбор како орган на управување на основното училиште.

Член 2

За членови на училишниот одбор - претставници на основачот на ОУ „Браќа Миладиновци“ н.м Миладиновци, Советот на општина Илинден ги именува следниве лица :

- Маријан Паневски и
- Марија Станковска

Член 3

Мандатот на членовите на училишниот одбор е 3 (три) години.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

Арх.бр.07-762/10
Од13.05.2009 год.

Совет на општина Илинден
Претседател
Марјан Милошевски с.р.

Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлука за утврдување на висината на надоместоците на членовите на Совет на општина Илинден со Арх. Број 07-762/11 од 13.05.2009 година.

Се прогласува Одлуката за утврдување на висината на надоместоците на членовите на Совет на општина Илинден со Арх. Број 07-762/11 од 13.05.2009 година што Советот на Општина Илинден ја донесе на втората седницата одржана на ден 13.05.2009година.

Архив. Број 08-820/9
Од 18.05. 2009 год.

ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Градоначалник
Жика Стојановски с.р.

Врз основа на член 45 и член 100 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 31 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник на Општина Илинден бр.2/05), Советот на општина Илинден на седницата одржана на ден 13.05.2009 ја донесе следната :

О Д Л У К А

За утврдување на висината на надоместоците
на членовите на Советот на општина Илинден

Член 1

Членовите на Советот на општина Илинден ќе примаат надоместок за присуство на седници на Советот на Општина Илинден без оглед на нејзиното времетраење во висина од 70% од просечната исплатена нето плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоци на Државниот завод за статистика.

Член 2

Претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на советот надоместокот од член 1 од оваа одлука се зголемува за 30%.

Член 3

На членовите на Советот на Општина Илинден, кои нема да присуствуваат на седниците на Советот не им следуваат надоместоците утврдени во член 1 и член 2 од оваа Одлука .

Член 4

Членовите на Советот на општина Илинден што се определени да учествуваат во постапката за склучување на брак во месните канцеларии во н.м Илинден и с. Миладиновци имаат право на дневница во висина од 800,00 денари.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзино донесување, ќе се објави во Службениот гласник на општина Илинден.

Арх.бр.07-762/11
Од13.05.2009 год.

Совет на општина Илинден
Претседател
Марјан Милошевски с.р.

С О Д Р Ж И Н А

Решение за прогласување на Одлука за измена и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-762/3 од 13.05.2009 година.....стр.1
Одлука за измена и дополнување-проширување на средствата во Буџетот на Општина Илинден за 2009 година со Арх. Број 07-762/3 од 13.05.2009 година. стр.1

Решение за прогласување на Одлука за избор на членови на комисијата за статут и прописи со Арх. Број 07-762/4 од 13.05.2009 година. стр.2
Одлука за избор на членови на комисијата за статут и прописи со Арх. Број 07-762/4 од 13.05.2009 година. стр.2

Решение за прогласување на Одлука за избор на членови на комисијата за општествени дејности со Арх. Број 07-762/5 од 13.05.2009 година. стр.3
Одлука за избор на членови на комисијата за општествени дејности со Арх. Број 07-762/5 од 13.05.2009 година.....стр.3

Решение за прогласување на Одлука за финансирање, буџет и локален економски развој со Арх. Број 07-762/6 од 13.05.2009 година. стр.4
Одлука за финансирање, буџет и локален економски развој со Арх. Број 07-762/6 од 13.05.2009 година.....стр.4

Решение за прогласување на Одлука за Урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата со Арх. Број 07-762/7 од 13.05.2009 година. стр.5
Одлука за Урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и природата со Арх. Број 07-762/7 од 13.05.2009 година. стр.5

Решение за прогласување на Одлука за избор на членови на училишен одбор на О.У. „Гоце Делчев“ н. Илинден со Арх. Број 07-762/8 од 13.05.2009 година.....стр.6
Одлука за избор на членови на училишен одбор на О.У. „Гоце Делчев“ н. Илинден со Арх. Број 07-762/8 од 13.05.2009 година.....стр.6

Решение за прогласување на Одлука за избор на членови на училишен одбор на О.У. „Ристо Крле“ н.м. Кадино со Арх. Број 07-762/9 од 13.05.2009 година.....стр.7
Одлука за избор на членови на училишен одбор на О.У. „Ристо Крле“ н.м. Кадино со Арх. Број 07-762/9 од 13.05.2009 година.....стр.7

Решение за прогласување на Одлука за избор на членови на училишен одбор на О.У. „Браќа Миладиновци“ н.м. Миладиновци со Арх. Број 07-762/10 од 13.05.2009 година.....стр.8
Одлука за избор на членови на училишен одбор на О.У. „Браќа Миладиновци“ н.м. Миладиновци со Арх. Број 07-762/10 од 13.05.2009 година.....стр.8

Решение за прогласување на Одлука за утврдување на висината на надоместоците на членовите на Совет на општина Илинден со Арх. Број 07-762/11 од 13.05.2009 година.....стр.9
Одлука за утврдување на висината на надоместоците на членовите на Совет на општина Илинден со Арх. Број 07-762/11 од 13.05.2009година.....стр.9